

# МЕДИТЕРАНСКИОТ КОНТЕКСТ НА МАКЕДОНСКОТО СЛИКАРСТВО И ТАПИСЕРИЈА

**МАКЕДОНСКА АКДЕМИЈА НА НАУКИ И УМЕТНОСТИ**
**И УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ -**

23 Октомври - 10 Ноември 1996 Уметничка галерија - Скопје



Никола Мартиноски, "Невеста" 1937

Д-р Борис Петковски

## ЗА МЕДИТЕРАНСКИОТ КОНТЕКСТ НА ДЕНЕШНАТА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ

Врвната цел на оваа изложба е обидот да се согледа она што и денес не поврзува со сите медитерански милениумски културни и уметнички пластења: дали е тоа нивната обземеност со фатумот на нетрајноста на сите нешта и битисувања, со непрекинатиот порив да се обесмрти човекот, да трае вечно, како боговите, како духот кон кој вишнее неговото битие? Зошто секое човечко постоење и на овие простори било проткаено со трагичната свест за залудноста на овој стремеж, дека се беспомошни жртвените ритуали на жрецот или магичните формули на магот и божемните еликсири за вечно живеење и несвената физичка убавина. Па тогаш што? Одговорот го давале паганските митови нанижани на медитеранските простори или монотеистичките религиозни системи на јудејството, христијанството, исламот. А вечно се трае според сите нив, откако ќе се напушти овој, земниот свет. Но човекот нашол друг одговор за тоа: вечно ќе трае она што е од мене направено, што ме има мене во себе, во што потраен, што повозвишено изведен физички факт. За да се искаже мојот дух, тој да прозбори низ материјалноста на што и да е стокмено од мене: најсуровите елементи на убивањето; предметите со кои и од кои живеам, со кој се украсувам себе, моето живеалиште, просторите и градбите што ги делам со другите луѓе, особено - моите уметнички дела, ќе создавам со однапред смислена и целосна насоченост, е сето тоа да го еманира она што конечно ќе ме сојузи со бесмртноста на божественото - својата духовна "аура", убавината. Така, тоа убаво чинење: патетичната, беспределна и немилосрдна опсесија со култивирањето на сопственото живеење, е возвишена цел на сите кои постоеле во пазувите на Медитеранот. Оттука, иако во сета модерна уметност силно е искажан дијалогот со неевропските уметнички творби од сите епохи, опстои и опсесијата со Медитеранот: неговото влијание, живо и впечатливо, е искажано во творбите на низа корифеи на модерната уметност, од импресионизмот до денес. А секој од нив освојувал различни предизвици од ова подрачје: од неговите уметнички творби создавани низ векови, од прелестите на неговата физичка конфигурација. Денешниот интерес за Медитеранот се следи многувидно: изложбата во Париз, 1988, година, "Медитеранот, извор и форми на модерната уметност", опфати творби на врвни модерни автори од целиот свет и од сите стилови; се заредија и други по неа; објавени се книги и студии за улогата ма Медитеранот во актуелната духовна европска панорама. Така, веќе од минатиот век, од залезот на неокласицизмот, преку романтизмот, импресионизмот и симболизмот, постојано е надминуван препотентниот европоцентризам, што целиот напредок на модерната епоха и на нејзината уметност го врзуваше за Западна Европа. Денес, примерот на Ж.Ибер Мартен со неговата изложба "Маѓепсниците на земјата", е сликовит, европскиот интелектуалец си го поставува дури и прашањето дали  модерната уметност е западноевропска. Тој како да ја изедначува етнологијата со историјата на уметноста за да открие кој е денешниот "пресек" на актуелната уметничка практика: во неа македонската уметност не треба да  ламтее некого "да достигне", туку да остварува во своето време според параметрите на својата севкупна условеност. Во мојата студија "Медитеранот и ние" (1994), откако укажав зошто и каква била ингеренцијата на медитеранските култури врз уметноста на овој век, одделно ја подвлеков смислата на

творечкиот дијалог со нивните белези и во денешното македонско ликовно творештво. Секако, неговите врвни остварувања ѝ припаѓаат на ерата од крајот на вториот милениум. Но македонските автори, со својата мисла и нејзиниот физички трансфер во формите на кое и да е уметничко дело, го откриле својот дух преку границите на која и да е епоха или национална меѓа. Со тоа станале вистински наследници на оној сложен космополитизам што некогаш одамна владееше на медитеранските простори: после големите воени кампањи на Александар Македонски, од Медитеранот до Индија, во епохата на хеленизмот, а потоа и на римската империја тука се проткајувале религии, култури; уметничките дела се откривале за митологиите на сите народи спроснати на ова огромно подрачје и за кој и да е од тогашните текови на философската и естетската мисла. Па како следбеници на европскиот интелектуален развој и современите македонски уметници творечки и скрупулозно ја освојувале оваа духовна граѓа на антиката, но и на византиската и исламската уметност, сонувале и мечтаеле за Медитеранот, и насетиле како е вткаен во подоцнежните стилски епохи... Сакавме донекаде да се визуализира оваа стожерна, сублимациска одлика на современото македонското ликовно творештво; воедно, да се пружи своевидна нагледност на тезите што ќе го раководат меѓународниот компаративен симпозиум што на 24 и 25 овој месец ќе се одржи во МАНУ, на тема: Медитеранскиот контекст на македонската литература и уметност. Така, во Уметничката галерија, со нејзина сесрдна помош е поставена изложбата "Медитеранскиот контекст на македонското сликарство и таписерија". Одбрани се творби создавани низ целиот досегашен тек на овие ликовни подрачја, и за кои се сметаше дека видовите на сооднос со медитеранскиот амбиент, ги поседуваат во недвосмислена и консеквентна форма. Во овој исклучително стеснат избор со еден панорамичен преглед, опфатени се само слики и таписерии но не и скулптурата. А во неа дијалогот со целиот медитерански конекст има такво значење што заслужува посебно научно и музеолошко претставување. Тоа се однесува и на сите интервенции во просторот: од муралите и скулптурите, до низа инсталации на повеќемина млади македонски автори. Сега изложените дела ги освоиле речиси сите видови наововековниот ликовен говор. Тоа укажува дека со "медитеранскиот синдром" денешната македонска уметност е всадена во стремежите на актуелните светски ликовни текови: во тие каде што целата граѓа на "традиционалната" модерна (па и дадаистичките и концептуални ревизии и негации на "уметничкоста" на творењето), како и сите трансавангардни или постмодерни нејзини надминувања, одново е освојувана во нови осмислувања на некогашните, историски условени појави/правци. Можеби се потврдува патетичната согледба на Хабермас за модерната како еден неостварен проект зашто таа (наспроти некои арогантни авангардистички насилства над поливалентноста на самото творештво) сепак успеваше да се усогласи (и силно да ги движи неговите потраги) со "духот на времето" на ова изморено столетие; постмодернизмот пак денес може да се сфати и како критичка ревизија на сите исклучивости на модерната, а воедно и како пледоаје за стратегијата на "едно вечно враќање" во сите сфери на духот. Така, денес е "извојувана" целосна толеранција на видовите низ кои сака да се искаже некој уметник. Но она што ниту една слоевита и самосвојна уметност (каква е и македонската) не може да си го допушти е да ја "заборави" темелната антрополошка логика. Таа, според физичарот - нобеловец Илја Пригожин, ја раководи и современата наука: научниот напредок е невозможен без традицијата, а тоа е уште поразбирливо за сферата на естетските вредности чии производители се уметниците. Нив им го даваме зборот на оваа изложба.

## *КАТАЛОГ*

***Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ (1898-1963)***
Жетварки, 1935
масло на платно, 35x24см.

***Родољуб АНАСТАСОВ (1931)***
Посвета, 1974
масло на платно, 138x138см.

***Љубомир БЕЛОГАСКИ (1911-1994)***
Предел II (Бока Которска), 1951
акварел, 44x61,5см.

***Жанета ВАНГЕЛИ (1963)***
Големата војна, 1993 (диптих)
акрилик на платно,
105,5x55,5 - 105,5 x 78,5см.

***Жанета ГЕЛЕВСКА (1966)***
Два света, 1992
комб.техн. на хартија, 70x100см.

***Ванчо ЈАКОВ (1964)***
Од циклусот "Крстови II/XXVII", 1994
метал и масло на дрвена табла, 54x54см.

***Ристо КАЛЧЕВСКИ (1933-1989)***
Слика 45-78, 1979
масло на платно, 130x114см.

***Данчо КАЛ'ЧЕВ (1957)***
Слика бр.1275, 1993
комб.техн.на панел, 120x73см.

***Димитар КОНДОВСКИ (1827-1993)***
Полптих IV, 1969
темпера и злато на панел, 220x120см.
сопст. на семејство Кондовски

***Рубенс КОРУБИН(1949)***
Квечерина во Сарај, 1992
акрилик на платно, 97x130см.

***Димче КОЦО (1910-1993)***
Средновековен достоинственик, 1970/71
таписерија, волна и памук, 164x100см.

***Вангел КОЏОМАН (1904-1995)***
Блед I, 1955
акварел, 47x31,5см.

***Лазар ЛИЧЕНОСКИ (1901-1964)***
Долап, 1937
масло на платно, 161x113,5см.

***Петар МАЗЕВ (1927-1993)***
Оплакување, 1989
масло на платно, 252x137см.
сопст. на семејство Мазеви

***Димитар МАНЕВ (1948)***
Без наслов, 1995
масло на платно и хартија, 130x140см.

***Благоја МАНЕВСКИ (1957)***
Sponsus i sponsa, 1990
комб.техн.на платно, 213x284x10см.

***Никола МАРТИНОСКИ (1903-1973)***
Невеста, 1937
масло на платно, 96x72см.
сопст. на семејство Сејфула

***Доне МИЉАНОВСКИ (1941)***
Распетие, 1986
таписерија, волна (класично ткаење),
210x41-215x86-210x41см.

***Кољо МИШЕВ (1960)***
Слика XLIX, 1994
пигмент со маслен медиум на платно,
100x100см.

***Вангел НАУМОВСКИ (1924)***
Бавчата на сонот, 1969
масло на платно, 130x78см.
сопст. на семејство Матевски

***Таки ПАВЛОВСКИ (1939)***
Скутник LXX, 1990
комб.техн. на хартија, 60x85см.

***Илија ПЕНУШЛИСКИ (1947)***
Венеција, 1995
акрилик на платно, 81x100см.

***Душан ПЕРЧИНКОВ (1939)***
Мотив од предградие I, 1970
масло на платно, 160x120см.

***Рада ПЕТРОВИЌ - МАЛКИЌ (1930)***
Реинкарнација, 1978
таписерија, волна и токарено дрво, 220x120см.

***Ордан ПЕТЛЕСКИ (1930)***
Пергамена, 1962
масло на платно, 135x100см.

***Славчо СОКОЛОВСКИ (1958)***
Од циклусот "Крстови I", 1992 (диптих)
комб.техн.на штица, 57x38-57x38см.

***Васко ТАШКОВСКИ (1937)***
Во хаосот радост, 1993
масло на платно, 145x115см.

***Нове ФРАНГОВСКИ (1939)***
Почеток на летото, 1993
масло на платно, 80x100см.

***Глигор ЧЕМЕРСКИ (1940)***
[redacted] Оплакување, 1994
масло на платно, 100x200см.

***Симон ШЕМОВ (1941)***
Охридски Ангел, 1990
рачна хартија, 113x85см.

***Томо ШИЈАКОВИЌ - ШИЈАК (1930)***
Неомусандра ("бела"), 1970?
комб.техн., 140x85.5см.

***Јован ШУМКОВСКИ (1962)***
Сандак, 1989
масло на платно и дрво, 89x115x10см.



Лазар Личеноски, "Долап" 1937




ИЗДАВАЧ: УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ -
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН БОШНАКОСКИ
КОНЦЕПЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА И ПРЕДГОВОР: БОРИС ПЕТКОВСКИ
СОРАБОТНИЦИ: МЕНКА КАРАПАШОВСКА И ЖАРКО ТОЗИ
ЛЕКТОР: БИЛЈАНА МАЛЕНКО
КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: АЛЕКСАНДАР ТОДОРОВСКИ
ГАРАФИЧКО И ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ: ДЕНКО МАТЕВСКИ
ФОТОГРАФИИ: ЃОРЃИ ТРИЧКОВСКИ